рамките на планскиот опфат.

1.22.Локациите на заедничките контејнери и нивниот број ги определуа со посебна одлука органот на управа на Општината. Локациите мораат да бидат достапни за возилата за подигање на контејнерите и уредени во согласност со оној што ќе го евакуира ѓубрето во регионална односно општинска депонија.

1.23.При примена на планските решенија на Деталниот урбанистички план за локалитет Бисер АРМ - дел А, Урбана единица "В"- Општина Аеродром за тоа што не е регулирано со овие параметри, ќе се применува: Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. веник на Р. Македонија бр. 51/05, бр. 137/07 и бр. 91/09), Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. весник на Р. Македонија бр. 78/06) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р. Македонија бр. 78/06, бр. 140/07, бр. 12/09, бр. 93/09, бр. 52/10 и бр. 62/10).

## 2. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА

**Посебни услови за изградба за локалитет Бисер АРМ - дел А, Урбана единица "В" Општина Аеродром**

ПЛАНСКИ ОПФАТ ДЕЛ А
**Класи на намена:**

**В2–здравствени и социјални институции** со компатибилни класи на намена:
А4 - времено сместување до 20 %;
Б1 - мали комерцијални и деловни намени до 20 %;
В5 - верски институции до 5%;
Д3 - спорт и рекреација до 20%, односно максимално 20 % на учество на збирот на компатибилните класи на намена во однос на основната класа на намена во планот;

**В4 - Државни институции** со компатабилни класи на намена:
Д3 - спорт и рекреација до 10 %; односно мах. 10% на учество на збирот на компатабилните класи на намени во однос на основната класа на намена во планот;

**Д1 - Парковско зеленило**;

**Е2 - комунална супраструктура** - (планирани трафостаници).

**Градежни парцели:** Се оформуваат нови градежни парцели: 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7 и 8.

Пред добивање на Услови за изградба за парцелите 1, 2, 3, 5 и 7 задолжително е да се изработи Архитектонско – урбанистички проект за секоја парцела поединечно, согласно член 51 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 51/05; 137/07 и 91/09).
Во склоп на градбите на градежните парцели 5, 7 се предвидува и изградба на трафостаници. Местоположбата на трафостаниците во градежните парцели 5, 7 ќе се одреди во Архитектонско-урбанистичкиот проект при што мора да биде задоволен условот за директен пристап до трафостаницата за потребите на ЕВН.

**Природа на зафат:** Се планираат нови градежни зафати на сите 6 (шест) урбанистички парцели.
За потребите на намена В4 – државните институции, односно амбасади се предвидува да се планираат во склоп на истите, следните функции:
- конзуларни претставништва,
- резиденции за амбасади,
- сместувачки капацитети,
- зеленило и
- други содржини за потребите на амбасадите.

**Зеленило:** Зеленилото се предвидува во склоп на градежните парцели. Процентот на озеленост во рамките на градежните парцели наменети за домување потребно е да изнесува минимум од 5 - 10 %.

**Паркирање:** Паркирањето - гаражирањето е предвидено во склоп на градежната

парцела. Бројот на паркинг места според член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ", број 78/06; 140/07; 12/09; 93/09; 52/10; 62/10) .